РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР

БР.11 – 405
Од 05.09.2024 год.
Општина Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на **Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје,** во Општина Виница поднесено под број 92-4/22 заверено со арх.бр.11-77 од 22.02.2023 и измени на барањето од 22.09.2023 заверени со арх. број 11-77/2, за одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница,** со технички број **92/22** од Септември 2023 год. изработен од **Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје**.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ***Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје***, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со број на постапка 49886, со дел. број** 92-4/22 заверено со архивски број 11-77 од 22.02.2023 и измени на барањето заверени со арх.бр. 11-77/2 од 22.09.2023 година изработена од **Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје**, за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог за урбанистички проект и идеен проект(pdf,dwg)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

5.Услови за планирање на просторот/решение за УПП

6.Мислење од институции

7.Проектна програма

8.Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-230 од 24.02.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр.92/22 од Септември 2023 год. може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 11-77/6 од 28.12.2023 година.

Градоначалникот на општината Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Mile Petkov

Digitally signed by Mile Petkov
Date: 2024.09.05 09:06:31 +02'00'

ГРАДОНАЧАЛНИК